Врз основа на член 18 став 1 алинеја 18, а во врска со член 20 став 1 алинеја 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), на предлог на директорот на Агенцијата, а согласно Заклучокот бр.02-2285/3 од 14.04.2016 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 16-та седница одржана на 14.04.2016 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ
УСЛУГИ - СКОПЈЕ
Бр. 02-2367/1
14.04. 2016 год
СКОПЈЕ

**О Д Л У К А**

1. Се дава одобрување на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за потпишување на Договор за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Скопје, бр.42-2749/1 од 5 април 2016 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2016 од 06.04.2016 година.

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Донесувањето на оваа Одлука произлегува од потребата за потпишување на Договор за давање на трајно користење на недвижна ствар, меѓу Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како примател на недвижната ствар и Службата за општи и заеднички работи во Владата на Република Македонија како давател на недвижната ствар, врз основа на Одлуката на Владата на Република Македонија за давање на трајно користење на недвижна ствар на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги Скопје, бр.42-2749/1 од 5 април 2016 година, објавена во "Службен весник на Република Македонија" бр. 68/2016 од 06.04.2016 година. Предмет на овој Договор е давање на трајно користење без надоместок на недвижна ствар, која е опишана во член 3 од истиот, а се однесува на деловната зграда - Палата Панко Брашнаров, во која се наоѓа седиштето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Следствено на горе наведеното, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 16-та седница одржана на 14.04.2016 година донесе одлука како во диспозитивот, која влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Примерок од одлуката да се достави до:**
- Сектор за координација и поддршка на работата на директорот и на Советот на Агенцијата;
- Сектор за информатичка поддршка општи работи;
- Сектор за информатичка поддршка и општи работи - Архива.